РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК

**за измена на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија**

*-Скопје, април 2016 година-*

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16), министерот за одбрана донесе

***П Р А В И Л Н И К***

***за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

**Член 1**

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр. 01-5145/1 од 18.07.2010 година, бр. 01-5758/1 од 29.09.2011 година, бр. 01-3579/1 од 29.06.2012 година, бр. 01-6887/1 од 31.12.2012, бр. 01-1148/1 од 15.02.2013 година, бр. 01-6597/1 од 30.12.2013 година, бр. 01-133/2 од 08.01.2015 година и бр. 01-133/3 од 21.12.2015 година, во глава VI Надоместок за време поминато на служба под посебни услови:

1. Член 13, точка 6, се менува и гласи :
   „ во вонредна и кризна состојба".

2. Член 14, точка 6, се менува и гласи:
   „за ангажирање во услови на вонредна и кризна состојба износот на надоместокот се зголемува за 30%".

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-2854/1
21-04-2016 2016 година
Скопје

Изработено во: Сектор за финансии
Нормативно правно и
номотехнички усогласил: Митар Петковски
Контролирал: Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**

Предмет: Правилник за измена на Правилникот
за начинот на исплата и висината на надоместоци

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15), согласно кој начинот на исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Изменувањето кое се однесува во делот на член 13 и член 14 од предметниот Правилник е по основ на барање на ГШ на АРМ бр. 05-131/8 од 30.03.2016 година за зголемување на надоместокот за вршење на служба во кризната состојба на границите на Република Македонија.

Предлогот за изменувањето на Правилникот, нормативно правно и номотехнички е прегледан во Секторот за правни работи.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 02-2854/2
21-04-2016 год.
Скопје

Врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот, воен и цивилен персонал во АРМ, бр. 01-5145/1 од 18.07.2010 г., бр. 01-5758/1 од 29.09.2011 г., бр. 01-3579/1 од 29.06.2012 г., бр. 01-1148/1 од 15.02.2013 г., бр.01-6887/1 од 31.12.2012г., бр.01-6597/1 од 30.12.2013 г., 01-1326/1 од 19.02.2015 г., 01-133/2 од 08.01.2015 г., бр. 01-133/3 од 21.12.2015 г и бр. 01-2854/1 од 21.04.2016 година, како и барањето од ГШ на АРМ број 05-131/8 од 30.03.2016 година, министерот за одбрана донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на висината на надоместокот за вршење на стражарска служба, служба на посебни воени објекти за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови**

1. Висината на надоместокот за вршење на стражарска служба, служба на посебни воени објекти за време поминато на трупно патување изнесува 610,00 (шестотиниидесет) денари.
2. Висината на надоместокот за ангажирање во кризна состојба, заради обезбедување на државната граница, согласно одлуката на Владата на Република Македонија („Службен Весник на РМ“ бр. 59 од 29.03.2016 година) изнесува 793,00 (седумстотинидеведесетитри) денари
3. Со влегувањето на сила на ова решение престанува да важи Решението за утврдување на висината на надоместокот за вршење на стражарска служба, служба на посебни воени објекти за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови бр. 02-1148/2 од 15.02.2013 година.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.05.2016 година.

Изработено: во Сектор за финансии
Одобрил: Спасоја Дамјаноски

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**